# УСЛОВИ ЗА КАСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ И НА ШИНСКИ ВОЗИЛА

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Овие Услови, во зависност од содржината на договорот за осигурување, се применуваат на:
1) каско-осигурување на моторни возила;
2) осигурување од кршење и
3) осигурување на багаж, патни колекции на примероци на стока и други предмети во моторни возила.

Одделните изрази употребени во овие Услови ги имаат следните значења:
1) **Осигурувач** - Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Македонија, Скопје - Виена Иншуренс Груп.
2) **Договарач на осигурување** - лице што со осигурувачот склучило договор за осигурување.
3) **Осигуреник** - лице чиј предмет, односно имотен интерес е осигурен и на кое му припаѓаат правата од осигурување.
4) **Премија** - износ што се плаќа по договорот за осигурување.
5) **Сума на осигурување** - износ на кој возилото, предметот, односно имотниот интерес е осигурен.
6) **Осигурен случај** - настан што може да доведе до остварување на отштетно побарување.
7) **Полиса** - исправа за договорот за осигурување.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
### Член 1

(1) Договорот за осигурување е склучен кога договорните страни ќе ја потпишат полисата за осигурување.

(2) Обврските на осигурувачот од договорот за осигурување започнуваат по истекувањето на 24 часот на денот што во полисата за осигурување е означен како почеток на траење на осигурувањето, ако до тој ден е платена договорената премија, доколку поинаку не е договорено.

(3) Обврските на осигурувачот престануваат по истекувањето на 24 часот на денот што во исправата за осигурување е означен како ден на истекување на осигурувањето.

(4) Ако исправата за осигурување содржи само почеток на осигурувањето (перманентно осигурување), договорот за осигурување се продолжува од година во година, сè додека една од договорените страни не го откаже најдоцна три месеци пред истекувањето на годишниот период за осигурување.

(5) Кај физичките лица договорот за осигурување се склучува за период на траење од една година.

### ВЛИЈАНИЕ НА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНОСТА НА ВОЗИЛОТО ВРЗ ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 2

(1) Со промена на сопственоста на осигуреното возило, договорот за осигурување престанува во 24 часот од денот кога новиот сопственик го презел возилото.

(2) Кај осигурувањето од ризикот кршење на стакло на патнички возила, при промена на сопственоста на возилото, договорот за осигурување се пренесува на новиот сопственик.

(3) Поранешниот сопственик има право на враќање на премијата за неискористеното време доколку во изминатиот период на траење на осигурувањето не се остварил осигурен случај.

(4) Поранешниот сопственик нема право на враќање на премијата ако неискористеното време е помалку од 30 дена.

(5) Доколку се промени сопственоста на возилото во кругот на потесното семејство, договорот за осигурување преминува на новиот сопственик.

### ПЛАЌАЊЕ ПРЕМИЈА
### Член 3

(1) Премијата за осигурување договарачот на осигурувањето ја плаќа при склучувањето на договорот, ако поинаку не е договорено.
Кај перманентните и повеќегодишни осигурувања премијата за следниот период на осигурување стигнува за наплата на денот што во полисата на осигурување е означен како почеток на осигурувањето, освен ако поинаку не е договорено.

(2) Договарачот на осигурување премијата ја плаќа на сопствен ризик и на сопствен трошок.

(3) Ако премијата е платена по пошта или преку банка депонент, како ден на плаќање на премијата се смета денот кога премијата е уредно уплатена по пошта, односно на банка депонент.

**ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА**
**Член 4**

(1) Ако осигуреното возило биде уништено пред почетокот на обврските на осигурувачот, на договарачот на осигурување му се враќа износот на наплатената премија.
(2) Ако осигуреното возило биде уништено по почетокот на обврските на осигурувачот од ризици што не се опфатени со осигурување или тоталната штета е надоместена по основа на осигурување од одговорност на штетникот, на договарачот на осигурување му се враќа износот на премија за преостанатиот период на траење на осигурувањето, доколку во изминатиот период на траење на осигурувањето не се остварил осигурен случај.
(3) Ако осигуреното возило биде уништено по почетокот на обврските на осигурувачот од ризици опфатени со осигурување, на осигурувачот му припаѓа целиот износ на премијата пресметан со полисата за осигурување.
(4) Ако возилото се одјави кај надлежен орган со предавање на регистарските таблички, осигурувањето може да се откаже и премијата се враќа на останатиот дел на времетраењето на осигурувањето, доколку осигурувачот до тоа време не платил надомест по договорот за осигурување. Премијата се враќа по писмено барање на договарачот на осигурувањето.
(5) Минималната премија не се враќа.

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ЌЕ НАСТАНЕ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**
**Член 5**

(1) Кога ќе настане осигурен случај врз основа на кој се бара надомест за осигурување, осигуреникот е должен:
   1) веднаш да ги преземе сите мерки што се во негова можност за отстранување и за намалување на штетата, оштетениот осигурен предмет да го обезбеди од натамошни оштетувања;
   2) веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена по дознавање на штетата, да му пријави на осигурувачот дека на осигуреното возило настанала штета со остварување на осигурен случај и колку што е можно побргу, а најдоцна во рок од три дена, писмено да ја потврди пријавата;
   3) во сите случаи предвидени со прописите, а особено кога штетата е предизвикана од пожар, експлозија, кражба, противправно одземање, разбојништво, сообраќајна незгода, удар од возило, манифестации и демонстрации, да пријави на надлежните органи за внатрешни работи и да назначи кои предмети се оштетени, односно уништени, или се исчезнати при настанување на осигурениот случај.
   Осигуреникот задолжително има обврска да пријави на надлежен орган за внатрешни работи настанување на штета, во сите случаи предвидени во Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата (штета чија висина одговара или е над износот од пет просечни месечни плати во Р Македонија);
   4) веднаш по настанување на осигурениот случај, односно кога тоа е можно, на осигурувачот да му даде попис на уништените, односно оштетените предмети со приближно назначување на нивната вредност;
   5) до увидот на оштетувањата од страна на претставникот на осигурувачот да не ја промени положбата на оштетените, односно уништените предмети, освен ако промената не е нужна во јавен интерес или заради смалување, односно спречување на зголемување на штетата.
(2) Осигуреникот е должен на осигурувачот да му ги даде сите податоци со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на причината, на обемот и на висината на штетата;
(3) Ако осигуреникот не ја изврши во предвиденото време својата обврска од став 1 точка 1 и 2 од овој член, а за тоа нема оправдување, должен е да ја надомести на осигурувачот штетата што тој ја имал поради тоа.

**ПРОЦЕНА НА ШТЕТА И ВЕШТАЧЕЊЕ**
**Член 6**

(1) По приемот на пријавата за настанатиот осигурен случај, осигурувачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена, да пристапи кон утврдување и кон процена на штетата. Ако тоа не го направи, осигуреникот може да пристапи кон процена и кон отстранување на штетата, под услов претходно да обезбеди доказ во поглед на настанување на осигурениот случај и на обемот на штетата.
(2) Во случај договорените страни да не се согласат при заедничкото утврдување и процена на штетата, секоја од договорните страни може да побара штетата да се утврди и да се процени од комисија на стручњаци (вештачење), при што секоја од договорените страни писмено го именува својот вештак. За вештаци може да се именуваат лица што не се во работен однос со осигурувачот, односно осигуреникот и договарачот на осигурувањето. Пред почетокот на постапката на вештачење, двата вештака именуваат трет вештак за претседател.

(3) Предмет на вештачење може да бидат само спорните моменти во поглед на настанување на осигурениот случај, обемот на оштетување и висината на штетата.
Кои спорни моменти ќе бидат предмет на вештачењето, за секој случај поодделно, ги одредуваат осигуреникот и осигурувачот со писмен договор за вештачење.
(4) Секоја договорна страна ги сноси трошоците на својот вештак. Трошоците на претседателот подеднакво ги сносат двете страни.
(5) Наодот на вештаците е конечен и ги обврзува договорните страни, а може да се побива само во случај на пресметковни грешки.

**ДОГОВОРЕНО САМОПРИДРЖУВАЊЕ (ФРАНШИЗА)**
**Член 7**

(1) Договорот за каско-осигурување може да се склучи со франшиза, односно со сопствено учество на осигуреникот во штета до висина на договореното самопридржување.
(2) Договорот за каско-осигурување од ризикот кражба, противправно одземање и разбојништво за патнички моторни возила, доколку не е поинаку договорено, се склучува со задолжителна франшиза, и тоа од:
  а) 10 % во секоја штета за патнички моторни возила чија вредност е од 20.001 евра до 30.000 евра (денарска противвредност);
  б) 20 % во секоја штета за патнички моторни возила чија вредност е од 30.001 евра до 40.000 евра (денарска противвредност);
  в) 30 % во секоја штета за патнички моторни возила чија вредност е над 40.001евра (денарска противвредност);
(3) Осигурувањето на "Комбинација Г" - кршење и оштетување само на предна и на задна шофершајбна на патнички моторни возила се склучува со задолжителна франшиза од 50 евра (денарска противвредност), која ќе се применува на втората и на секоја наредна штета во текот на едногодишно осигурување.
(4) Осигурувањето на "Комбинација Д" - кршење и оштетување на стакла на товарни возила и автобуси се склучува со задолжителна франшиза од 100 евра (денарска противвредност) во секоја штета.

**ПРАВНА ПОЛОЖБА ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**
**Член 8**

(1) По настанување на осигурен случај и исплата на надомест од осигурување, ако се однесува за оштетување на возило (делумна штета), возилото останува и понатаму осигурено на неговата предметна вредност во смисла на овие Услови.
(2) Во случај на уништување на возилото (тотална штета), осигурувањето престанува.
(3) Исклучиво ако штетата е утврдена како тотална од економски причини (нерентабилна поправка на возилото) по извршената поправка на возилото, по извршен преглед возилото може со нова полиса да се осигури од каско-ризици.
(4) Одредбите од став 1, 2 и 3 од овој член доследно се применуваат и на другите осигурени предмети, освен кај оние за кои поинаку е договорено.

**ПИСМЕНА ФОРМА**
**Член 9**

(1) Договорувањата што се однесуваат на содржината на договорот за осигурување се полноважни само ако се склучени во писмена форма.
(2) Сите известувања и изјави што се даваат по одредбите од договорот за осигурување мора да бидат дадени во писмена форма, со исклучок на известувањата на осигурувачот според член 10 од овие Услови.

**ИЗМЕНА НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**И НА ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ**
**Член 10**

Ако осигурувачот за времетраењето на договорот за осигурување ги измени Условите за осигурување или Тарифата на премии, тие се применуваат од следниот период на осигурување (прво наредно скаденцирање).

**ТЕРИТОРИЈАЛНО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 11**

(1) Осигурувањето е во важност за време додека возилото се наоѓа на територијата на Република Македонија и на географското подрачје на Европа, доколку поинаку не се договори.

(2) Кај осигурувањето на патнички моторни возила и на мотоцикли осигурувањето од ризикот кражба е во важност доколку осигуреникот плати соодветна премија.
(3) Доколку поинаку не се договори, осигурителното покритие за ризик кражба, противправно одземање и разбојништво во Р.Бугарија важи само доколку возилото е паркирано на регистриран јавен паркинг или хотел. Во случај на остварување на ризик кражба на возилото во Р.Бугарија, осигуреникот е должен, покрај доказ од надлежен орган, да приложи и доказ (карта, билет или потврда за престој во хотел) дека возилото било паркирано во согласност со претходно наведеното.
(4) Осигурувањето на возила на работни и на други организации што изведуваат или учествуваат во изведување на градежни, монтажни и слични работи надвор од територијата на Република Македонија посебно се договара.

**СООСИГУРЕНИ ЛИЦА**
**Член 12**

(1) Освен осигуреникот, кој не е правно лице, осигурени се и лицата на кои осигуреникот им го препуштил управувањето на осигуреното возило.
(2) Не се смета за осигурено лице лицето што без овластување од осигуреникот го користело, односно го управувало осигуреното возило.
(3) Знаењето и однесувањето на соосигуреното лице се смета како знаење и однесување на осигуреникот.
(4) Правото на осигурувачот по основа на суброгација (регрес) не преминува кон лицето што го управувало возилото по овластување на осигуреникот.

**ПРАВНА ПОУКА**
**Член 13**

(1) Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.
(2) Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основен суд Скопје 2, Скопје.

**ОБЕМ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 14**

Осигурувањето може да биде склучено како:
1) "потполно каско-осигурување" од ризици опфатени со член 16 од овие Услови;
2) "потполно каско-осигурување" за патнички моторни возила и мотоцикли од ризици опфатени со член 16 од овие Услови без ризикот кражба, противправно одземање и разбојништво;
3) "потполно каско-осигурување" за патнички моторни возила и мотоцикли од ризици опфатени со член 16 и дополнително вклучување на ризикот кражба, противправно одземање и разбојништво;
4) "потполно каско осигурување" со вклучување во осигурување на ризикот кршење, опфатен со членовите 16 и 31 од овие Услови;
5) "делумно каско осигурување" од ризиците опфатени со член 17 од овие Услови;
6) "дополнителни видови осигурување" од ризиците на чл. 16 од овие Услови;
7) посебни видови каско-осигурување.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**ПРЕДМЕТ НА КАСКО-ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 15**

(1) Предмет на осигурување се сите видови моторни, приклучни, работни и шински возила (во понатамошниот текст: "возила"), заедно со радиоапарат, алат и прибор стандардно испорачани од производителот.
(2) Ако посебно се договори (посебни видови осигурувања), предмет на осигурување може да бидат:
   1) алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови што не се стандардно испорачани од производителот;
   2) аудио и видеоапарати и радиостаница на возилото, кои не се вградени во возилото од страна на производителот;
   3) рекламни натписи во возило и на возило.
(3) Со осигурување не се опфатени штети што ќе настанат на делот на возилото за време додека тој просторно е одделен од него.

**а) Потполно каско-осигурување**

**Член 16**

Со потполно каско-осигурување се надоместуваат штетите што се предизвикани од следните ризици:

1) сообраќајна незгода, како на пример: превртување, судир, удар, лизгање, урнување и слично;[1]
2) паѓање на некој или удар од некој предмет, освен кај работните машини, доколку за нив не е платена премија за осигурување од кршење;
3) пожар;
4) ненадејно надворешно термичко или хемиско дејство;
5) удар на гром;
6) експлозија, освен експлозија од нуклеарна енергија;
7) луња;
   Под луња се смета ветер со брзина од 17,2 м/сек, односно 62 км на час (јачина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе;
8) град;
9) снежна лавина;
   Со осигурувањето се опфатени и штети предизвикани од дејство на воздушен притисок од снежни лавини.
10) паѓање на воздушни летала;
11) манифестации и демонстрации;
12) кражба, противправно одземање на возило и разбојништво.
   Осигурувачот нема обврска да ги надомести штетите од кражба, противправно одземање на возилото и разбојништво во случаите кога осигуреникот на кој било начин со своето несовесно однесување или од небрежност придонел или поттикнал настанување на осигурен случај (пр. оставање на отворено возило со или без клучеви, оставање на возило на доверба во пералница, сервис и др.).
   Во случаите од претходната алинеја на оваа точка се смета дека возилото исчезнало ако не се пронајде во рок од 60 дена, сметано од денот на пријавата за исчезнување на надлежниот орган за внатрешни работи.
   Кај патничките моторни возила и мотоцикли штетите настанати од ризикот кражба, противправно одземање на возилото и разбојништво се надоместуваат само ако осигуреникот има платено соодветна доплатна премија.
   Штетите настанати поради кражба на делови од возило, алат, прибор, резервни и други делови се опфатени со осигурување само ако деловите, алатот и приборот во моментот на извршувањето на кражбата биле прицврстени на возилото или ако се наоѓале во заклучено возило.
13) злонамерни постапки или обест на трети лица;
14) оштетување на тапацирот во осигуреното возило предизвикано при давање помош на лица што се повредени во сообраќајна несреќа или на некој друг начин;
15) намерно предизвикување на штета на осигурениот предмет со цел да се спречи поголема штета на тој или друг предмет или лица;
16) поплава, порој и високи води.
   Под поплава се смета стихијно, неочекувано поплавување на терен од постојани води (реки, езера, море и др.) поради тоа што водата се излеала од коритото или пробила одбранбен насип или брана, излевање на вода поради вонредно висок прилив и бранови на море и езера со необична јачина и од надојдување на вода од вештачки езера.
   Под поплава се смета и неочекувано поплавување на теренот поради нагло формирање на големи количества водна маса што настанала како последица на атмосферски паѓања.
   Под порој се смета стихијно неочекувано поплавување на терен со водна маса што се формира на надолнини, поради силни атмосферски појави, и се слева по улици и попатишта.
   Под висока вода се смета:
   - исклучителна појава на невообичаен пораст на водостојот во неочекувано време,
   - подземна вода како последица на високи води.

   Обврската на осигурувачот за штети од високи и одподземни води како нивни последици започнува со порастот на високите води над однапред утврдени месечни коти на водостој или протек измерен и според покажувачот на водостојот, на најблиското место на штетата.
   Со осигурување не се опфатени:
   - штети од поплави предизвикани со излевање од канализациска мрежа, освен ако до излевање не дошло поради поплави или порои;

[1] Комбинациите А и Б се ставени во мирување со одлука на Управен одбор, од 1.1.1995 година.

- штети на возила додека се наоѓаат на простор помеѓу поток, односно река и насип, односно во живо или суво корито на река или поток, освен ако не е поинаку договорено.

Во случаи од алинејата 2 од овој став осигурувачот нема обврска да надомести штета што настанала со движење на возилото низ поплавено подрачје, речно корито или поток и кога на возачот му било познато дека се движи во пресрет на стихијно дејство на вода, освен кога се работи за спасување на лица и на имоти.

**б) Делумно каско-осигурување**

**Член 17**

(1) Делумно каско-осигурување може да се договори од следните групи ризици:
1) пожар, удар на гром, експлозија, луња, град, снежна лавина, паѓање на воздушни летала, манифестации и демонстрации, кражба, противправно одземање на возило и разбојништво (комбинација А);
2) пожар, удар на гром, експлозија, луња, град, снежна лавина, паѓање на воздушни летала, манифестации и демонстрации (комбинација Б); [1]
3) кражба, противправно одземање на возило и разбојништво (комбинација В);
Со осигурувањето од ризикот кражба се опфатени и ризиците сообраќајна незгода и погонска штета, кои би настанале по остварување на ризикот кражба, противправно одземање и разбојништво;
4) кршење и оштетување на стакла на патнички моторни возила заедно со гел за ветробран, кој служи за активирање на сензорите што се монтирани на ветробранското стакло, освен покривни стакла, стакла на светлата и огледата (комбинација Г);
5) кршење и оштетување на стакла кај товарни возила и автобуси, освен покривни стакла, стакла на светлата и на огледалата (комбинација Д);
6) пожар, кражба, противправно одземање на возилото и разбојништво (комбинација Ѓ).
Кај осигурувањето на огледалата се опфатени и штетите настанати од ризиците предвидени од член 16 од овие Услови, како и кршење на стакло настанато како погонска штета.

(2) Делумно каско-осигурување на возила - само за време на мирување - може да се договори со осигурувањето да бидат опфатени ризиците од член 16, точка 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 16 од овие Услови.
Осигурувањето важи само за време додека осигуреното возило се наоѓа на местото што во полисата е означено со поблиска адреса како место на осигурување, со тоа што возилото треба да е сместено во заклучена гаража, освен ако не се работи за возила наменети за продажба, кои се сместени во автосалони и на отворен простор што е заграден и постојано чуван, како и возила на правни лица сместени во дворното место на осигуреникот.
Со осигурувањето се опфатени и ризиците сообраќајна незгода и погонска штета, кои би настанале по остварувањето на ризикот кражба, противправно одземање на возилото и разбојништво.

(3) Во врска со ризикот кражба, со осигурување се опфатени и оштетувања предизвикани на возило со насилно отворање заради кражба, како и оштетувања предизвикани на возило со неовластено ставање во погон (оштетување на: врата, брава на врата, волан, електрична инсталација и други склопови во врска со ставањето на возилото во погон).

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ВИДОВИ ОСИГУРУВАЊЕ**

**Член 18**

(1) Ако посебно се договори, со осигурување од ризиците од член 16 од овие Услови се опфатени и:
1) алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови што се наведени во член 15 став 2 од овие Услови, како и разни украсни делови и уреди наменети за возилото што се дополнително вградени, прицврстени, односно ставени во возилото;
2) аудио и видеоапарати што не се вградени од производителот на возила и радиостаница, конструктивно предвидени за употреба во возилото и надвор од него, со тоа што, ако нема траги на обивање на вратата од возилото, со осигурување не е покриен ризикот од член 16 став 1 точка 12 од овие Услови;
3) рекламни натписи во возилото и на возилото.

(2) За составни делови на аудио и видеоапаратите се сметаат антената и звучниците.

(3) Осигурувањата од став 1 од овој член се склучуваат на договорена сума на осигурување.

**ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ**

**Член 19**

(1) Осигурувачот нема обврска да ги надомести штетите што не се предизвикани од ризиците од член 16 и 17 од овие Услови, како ни штетите што настанале:
1) поради дефект за време на движење на возилото (таканаречени погонски штети), како на пример поради: грешка во материјалот, истрошеност на материјалот, лошо ракување, оштетување на федери и на амортизери,

продупчување, пресекување или прснување на надворешна или внатрешна гума, оштетување на тркало поради возење со празни гуми, недоволно подмачкување, недостиг на вода во ладилникот, оштетување на електрична инсталација, оптоварување преку дозволена носивост и други погонски штети.

Осигурувачот, меѓутоа, има обврска да надомести штета од сообраќајна незгода, пожар и експлозија, која настанала непосредно како последица на погонска штета.

Осигурувачот има обврска да ја надомести штетата предизвикана поради дефект кога возилото е во движење (погонска штета) при остварување на ризиците кражба, противправно одземање на возило со намера да се употреби за возење и разбојништво.

2) поради смрзнување на течноста во ладилникот или блокот на моторот.
3) на моторот или други склопови на возилото, како последица на губење на масло или течност од ладилникот во текот на продолжувањето на возењето по оштетување на возилото.
4) со губење на погонски материјал поради остварен осигурен случај.
5) со губење на масло од моторот, диференцијалот и менувачот и течност за ладење.
6) од товарот што се превезува со возило, освен во случај на сообраќајна незгода.
7) од товар при натовар и истовар, ако не е платена посебна премија, освен при натовар и истовар со дигалка, ако притоа се откине јажето или дојде до кршење на дигалката, односно уредот за натовар и истовар, и ако од паѓање на товарот возилото биде оштетено.
   Ако при натовар или истовар на возилото со самоистоварувачки сандак (кипер-возила) дојде до превртување на целото возило, се надоместува само штетата настаната како последица на превртувањето.
8) поради тоа што возилото е ставено во погон пред конечната поправка, освен ако не се работи за штета настаната по привремената поправка што треба да овозможи движење или влечење на возилото до работилницата што треба да изврши друга привремена или конечна поправка.
9) поради техничка неисправност на возилото, со исклучок ако техничката неисправност настанала ненадејно во текот на возењето и предизвикала остварување на ризик од член 16 на овие Услови, оптоварување преку дозволената носивост, истрошеност на гуми преку пропишана граница, како и во други случаи во кои штетата настанала како исклучива последица на непридржување или повреда на одредбите за заштитни мерки.
10) за време на превезување со друго превозно средство.
11) посредно, со остварување на осигурениот случај, како: загуба на заработувачка, денгуба, казна, трошоци за користење на изнајмено возило, плаќање по основа на одговорност, освен за чување на возило на најнужно потребно време на местото на незгодата или на друго најблиско погодно место, ако не се работи за место на престојувалиште, односно седиште на осигуреникот.
12) поради намалување на вредноста на возилото по поправка што е извршена во врска со остварениот осигурен случај;
13) поради оштетување или уништување на возилото од глодари;
14) поради остварување на ризикот од член 16 став 1, точка 12, ако извршителот е брачен другар, сродник по крв во права линија, брат или сестра, усвоител или усвоеник на договарачот на осигурување, односно осигуреникот, или лице што со договарачот на осигурување или осигуреникот живее во заедничко домаќинство, а не се работи за лице за чии постапки осигуреникот одговара по која било основа.
15) Осигурувачот нема обврска да ги надомести штетите поради остварување на ризикот од член 16, став 1, точка 12 во случаите кога осигуреникот на кој било начин со своето несовесно однесување или од небрежност придонел или поттикнал настанување на осигурен случај (пр. оставање на отворено возило со или без клучеви, оставање на возило на доверба во сервис за миење, автосервис и др.).
16) за време додека возилото е мобилизирано или реквирирано од страна на воени или цивилни органи во мирновременски услови од моментот на стигнување на првото одредено место до моментот на преземање на возилото.
17) земјотрес, доколку поинаку не е договорено.
18) 1 Војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали е објавена војна или не, граѓанска војна, побуна, револуција, востание, граѓански немири, при што се има предвид учеството во или големината на востанието, воена или узурпаторска сила, или
   2. а) биолошка или хемиска контаминација;
      б) проектили, бомби, гранати, експлозивни средства; поради секое дејство на тероризам.
      За примена на овој додаток, дејство на тероризам значи дејство што вклучува, но не се ограничува на употреба на сила или насилство и/или закана со нив на лице или група лица без оглед дали дејствуваат сами или во корист на или во врска со која било организација/ии или влада/и обврзани со политички, религиозни, идеолошки или етнички цели и причини, вклучително и намера да се влијае на влада/и или да се изложи јавноста или дел од јавноста под страв.

За примена на а) контаминација значи контаминација, труење или превентива/и или ограничување на употреба на објект поради влијание на хемиски или биолошки материи.

Овој додаток исклучува и загуба, штета, цена или трошок од секаков вид директно или индиректно настанат од последица од или во врска со дејство преземено на контрола, превенција, задушување или на кој било начин што се однесува на (1) и/или (2) погоре.

Ако преземачите на осигурување потврдат дека поради овој исклучок, штета, загуба, цена или трошок не се покриени со ова осигурување, товарот на докажување на спротивното паѓа на осигуреникот.

19) а) загуба или оштетување на податоци или софтвер, поточно каква било штетна промена на податоци, софтвер или компјутерски програми предизвикана од бришење, корупција или деформација на оригиналната структура што директно е предизвикана од сајбер инцидент, како и која било штета од прекин на работа што е резултат на тоа.

б) загуба или оштетување што резултираат од оштетување во функционирањето, достапноста, опсегот на употреба или достапност на податоци, софтверски или компјутерски програми директно предизвикани од сајбер инцидент и кои било штети од прекин на работењето што се резултат на тоа.

Но, со осигурување е покриено оштетувањето на осигурениот имот (што е предмет на осигурување) доколку е предизвикано од осигурена опасност, вклучително и прекин на работа што произлегува од тоа, која е директно предизвикана од сајбер инцидент. Притоа, секоја загуба, оштета, бришење, корупција или деформација на податоци, софтвер или компјутерски програми што директно се предизвикани од сајбер инцидент нема да се обесштетуваат.

Под поимот "сајбер инцидент" се подразбира:

1. неовластени и злонамерни дела без оглед на местото и на времето, или заканите или измамите што произлегуваат од нив;
2. малициозен софтвер или сличен механизам;
3. грешка во програмирање или во оперирањето без разлика дали е направена од осигуреникот или од друго лице или лица;
4. ненамерен или непланиран (целосен или делумен) прекин на компјутерскиот систем на осигуренико што не е директно предизвикан од физичко оштетување или штета;

   што влијае на пристапот, процесирањето, употребата на или оперирањето на кој било компјутерски систем или податоци, софтверски иили компјутерски програми од страна на едно лице или група на лица.

(2) Доколку поинаку не се договори, осигурувачот нема обврска да надомести:
   1) штети причинети при учество на возилото во натпревари заради постигнување најголема или просечна брзина, рели-натпревари или возење за оцена, вклучувајќи го и службениот тренинг за тоа;
   2) штети што настанале надвор од географското подрачје на Европа, ако поинаку не е договорено;
   3) штети што настанале поради опасности за чие вклучување во осигурителното покритие е потребно плаќање на дополнителна премија, а таа не е платена.

## ГУБЕЊЕ НА ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ
## Член 20

(1) Осигуреникот нема обврска да надомести штета што е настаната:
   1) за време додека со возилото управува лице без соодветна дозвола за управување на тој вид возило, освен за време на обука за стекнување на возачка дозвола што се изведува во согласност со прописите;

      Ќе се смета дека возачот го управува возилото без возачка дозвола и кога со возилото управува за време додека му е изречена забрана за управување на тој вид возило од страна на властите.
   2) за време додека со возилото управува возач почетник или возач постар малолетник, кој вози спротивно од одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
   3) за време додека со возилото управува лице под дејство на алкохол, дрога или други наркотици. Во смисла на овие Услови се смета, дека:
      - возачот е под дејство на алхохол и не смее да управува со возилото во сообраќај во согласност со одредбите на член 234 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
      - ако алкохолниот тест е позитивен, а не се погрижи со анализа точно да се утврди степенот на неговата алкохолизираност, освен во случај кога земањето на крв е штетно за неговото здравје (на пр. хемофилија);
      - ако по сообраќајната незгода избегне или одбие да се подведе на испитување на неговата алкохолизираност, или консумира алкохол и го оневозможи утврдувањето на количината на алкохол во крвта;

- возачот е под дејство на дрога или други наркотици ако со стручен преглед се утврди дека покажува знаци на нарушување поради употреба на дрога или на други наркотици, како и ако по сообраќајната незгода избега или одбие да се подведе на испитување на неговата дрогираност.

(2) Доколку осигуреникот или лицето што го управувало осигуреното возило не ја изврши обврската за задолжително пријавување на настанатата штета на надлежен орган за внатрешни работи предвидено во чл. 5 ст. 1 т. 3 од овие Услови и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, осигурувачот има право да го одбие барањето за исплата на штета.

(3) Осигуреникот исто така ги губи правата од осигурување ако штетата е причинета намерно, или со измама од страна на договарачот на осигурување, и другите соосигурени лица од член 12 од овие Услови, а не се работи за лице за чии постапки осигуреникот одговара по која било основа.

## ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕМИЈА
### Член 21

(1) За утврдување на премијата, меродавна е набавната цена на ново возило, изразена во денари во моментот на склучување на договорот за осигурување, а за следниот период на осигурување (една година) набавната цена на денот на обнова на осигурувањето.

(2) Набавна цена на ново возило е цената на производителот зголемена за давачките (транспортни трошоци, данок, царина и сл.).

(3) Ако се работи за возило што го нема во продажба, ниту во каталогот за ориентациони цени на моторни возила, неговата набавна цена се утврдува според набавната цена на слично, односно сродно возило.

(4) Возила со музејска вредност, трофејни возила, возила составени од делови на две или повеќе возила и сл. се осигуруваат на сума на осигурување со посебна спогодба.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕМИЈА (БОНУС) И ЗАШТИТА НА СТЕКНАТИОТ БОНУС
### Член 22

(1) 1) Ако возилото без прекин било потполно каско осигурено најмалку една година и ако во тоа време не била пријавена штета, договарачот на осигурувањето има право на попуст на премијата за тоа возило во наредната година на осигурување во висина од:
- 10 % ако во текот на изминатата година на осигурување не е пријавена штета;
- 20 % ако во текот на изминатите две години на осигурување не е пријавена штета;
- 30 % ако во текот на изминатите три години на осигурување не е пријавена штета;
- 40 % ако во текот на изминатите четири години на осигурување не е пријавена штета;
- 50 % ако во текот на изминатите пет години на осигурување не е пријавена штета.

Договарачот на осигурување што по поранешните услови за осигурување стекнал право на попуст поголем од 50 % го задржува тоа право до првопријавената штета или до губењето на попустот по некоја друга основа.

2) Ако возилото без прекин било потполно каско осигурено во нашето осигурително друштво најмалку 2 години и има право на попуст на премија во наредна година на осигурување во висина најмалку од 30 %, тогаш договарачот на осигурување може да го заштити стекнатиот попуст за немање штети со доплата на соодветна премија при следниве услови:

Договарачот на осигурување го задржува попустот за немање штети, во случај на:
- пријава на една штета во износ до 2.500 евра во денарска противвредност на денот на настанување на штетниот настан во текот на годината на осигурување, или
- пријава на две штети во вкупен износ до 2.500 евра во денарска противвредност на денот на настанување на штетниот настан, во текот на две последователни години на осигурување, при услов да е направена доплата на соодветна премија во двете последователни години на осигурување.

3) Одредбите од овој став се однесуваат на договарачи на осигурување што имаат осигурено до пет возила.

(2) На договарачот на осигурувањето што има склучено потполно каско-осигурување, со траење најмалку една година за 6 и повеќе возила, и кај кого односот на пријавени штети според полисирана техничка премија во изминатите три календарски години е помал од 80 %, му се пресметува попуст на премија за наредниот период на осигурување во висина на една половина од разликата помеѓу 80 % и процентот на остварениот резултат.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА (МАЛУС)
### Член 23

(1) На договарачот на осигурувањето што има склучено потполно каско-осигурување со траење најмалку од една година за 1 до 5 возила, кој во тековната година на осигурување пријавил две или повеќе штети, му се пресметува доплаток на премија (малус).

Доплатокот на премијата за осигурување изнесува:
- кај втора штета ........................................ 5 %
- кај трета штета ........................................ 10 %
- кај четврта штета ........................................ 20 %
- кај петта и секоја натамошна штета ........................................40 % од износот на претрпената штета.

Овој доплаток се пресметува од висината на штетата, а се наплатува при нејзината исплата.

(2) На договарачот на осигурување што има склучено потполно каско-осигурување со траење од најмалку една година за 6 и повеќе возила и кај кого односот на пријавени штети во однос на полисирана техничка премија во изминатите три календарски години изнесувал повеќе од 110 % му се пресметува доплаток (малус на премијата) за наредниот период во висина од една половина од разликата помеѓу 110 и процентот на остварениот однос, со тоа што доплатокот не може да биде поголем од 200 %.

## ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ ЗА БОНУС И МАЛУС

### Член 24

(1) Се смета дека штетата не е пријавена ако во рок од една година е ликвидирана без исплата на отштета или во полн износ по која било основа е регресирана. Во тој случај, на осигуреникот задолжително му се одобрува бонус.

(2) На осигуреник што склучува потполно каско-осигурување му се одобрува бонус од 10 % ако за тоа возило склучува или има кај истиот осигурувач осигурување од автомобилска одговорност.

(3) Бонусот по основите на овој член и член 22 од овие Услови не може да изнесува повеќе од 50 %.

(4) Ако осигурувањето било во прекин, осигуреникот по прекинот има право на ист бонус за истото возило или за возилото што го заменил ако до прекин во осигурувањето дошло пред истекувањето на годината на осигурување и ако прекинот не траел подолго од една година, под услов во претходниот период да не пријавил штета.
Ако осигурувањето било прекинато по истекувањето на годината на осигурување во која осигуреникот не пријавил штета, ниту пак е пријавена штета за време на прекинот, осигуреникот има право на бонус во смисла на соодветните одредби за бонус како да немало прекин, под услов прекинот да не траел повеќе од една година.

(5) Ако осигуреникот по уништување, продажба или сл. наместо порано осигуреното возило осигури друго возило, оствареното право на бонус преминува на новото возило, ако новото возило е од иста тарифна група. Ако возилото е уништено, продадено или сл. пред истекувањето на годината на осигурување, тогаш за следната година на осигурување се пресметува ист процент на бонус што се применувал при пресметувањето на премијата за осигурување за отуѓеното, односно уништеното возило, ако заменувањето на возилото е извршено во рок од една година.

(6) Во случај на продажба на возилото, правото на бонус не се пренесува на новиот сопственик.

(7) Ако осигуреникот го смени осигурувачот, му се признава право на бонус ако донесе писмена потврда од претходниот осигурувач за претходното траење на осигурување и бројот на еднаподруга години без пријавена штета.

(8) На осигурениците со 6 или повеќе осигурени возила, бонусот односно малусот се пресметува и на возила што осигуреникот ги набавил во текот на периодот на осигурување.

(9) Во случај на прекин на осигурувањето и повторно склучување на договор за осигурување, на договарачот на осигурување со 6 или повеќе возила му се пресметува бонус, односно малус по одредбите на овие Услови врз основа на односот на пријавени штети и полисирана техничка премија во последните три календарски години додека траело осигурувањето. Ако прекинот траел повеќе од две години, се пресметува премија за осигурување без бонус, односно малус.
Ако осигурувачот не располага со податоци за премиите и за штетите за најмалку три претходни години, бидејќи осигуреникот не бил осигурен толкав временски период, за утврдување на бонус, односно малус, ќе се користат податоци за две, односно една осигурителна година.

(10) Под потполно каско-осигурување се подразбираат и случаите кога со ова осигурување ќе се склучи и осигурување на алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови, кои не се сметаат за составни делови на возилото, како и осигурување од кршење.

(11) Осигурувачот и договарачот на осигурување имаат право да бараат повторно пресметување на бонус, односно малус, ако дополнително се утврди дека во пресметка не биле земени отштетни барања што се основани, односно биле земени отштетни барања што се неосновани.

(12) При осигурување на патнички возила со вклучен ризик кражба за случаи кога во возилата се вградени алармни системи и други средства за заштита од кражба се одобрува попуст од 20 % од висината на доплатокот за ризикот кражба.

## УТВРДУВАЊЕ (ПРОЦЕНА) НА ВИСИНА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
**Член 25**

(1) Висината на штетата се утврдува:

1) кај уништување и исчезнување на возило (тотална штета) според денарската сума на осигурување на која е осигурено возилото намалена за износот на севкупната амортизација на возилото по сите основи и пазарната вредност на остатоците на возилото.
Амортизацијата и пазарната вредност на остатоците на возилото се утврдуваат според актите на осигурувачот.
Ако новонабавната вредност на возилото со сите дополнителни давања (транспортни трошоци, царина, данок и слично) е помала од денарската сума на која е осигурено возилото, висината на штетата се утврдува кога од новонабавната вредност ќе се одбијат износот на амортизацијата на возилото и износот на остатоците на возилото.

(2) кај оштетување на возила (делумна штета) според износот на трошоците за поправка, намалени за пазарна вредност на остатоците што се заменуваат. Во трошоци за поправка се сметаат и трошоците за демонтажа, монтажа и превоз.
Висината на штетата може спогодбено да се утврди со пресметка за трошоци на поправка та.
Од износот на трошоците за набавка на нови делови заради замена на оштетените и износот на трошоците за лакирање не се одбива соодветен износ поради истрошеност (амортизација), освен во следниве случаи:

а) Не е осигурена амортизираната вредност (се одбива соодветен износ поради истрошеност на деловите) на клинести ремени, назабени ремени за погон на брегастото вратило, како и синџирчињата за погон на брегастототo вратило, како и на сите други ремени и синџиричиња што служат за одреден погон.
При процена на штета и пресметка на висина, на име амортизација се одбива проценетиот износ на амортизација во зависност од:
- бројот на поминати километри и пропишаниот број на километри од производителот;
- ефективното време на работа;
- истрошеноста.

б) Деловите што имаат зголемено трошење за време на работа и мораат да се менуваат по одреден период, како на пример: клипови, алки, клипначи, коленесто вратило, брегасто вратило, кошулката на цилиндарот и вентилите кај сите мотори со внатрешно согорување и клипни компресори, како и сите видови лежишта кај возилата, не се исклучени од осигурување, но кај нив не е осигурена амортизираната вредност, односно при процена на штета се одбива соодветниот износ на име проценета истрошеност.
При процена на штета и пресметка на висина, на име амортизација се одбива проценетиот износ на амортизација во зависност од:
- староста на возилото или бројот на поминати километри и пропишаниот број на километри од производителот;
- ефективното време на работа;
- истрошеноста.

в) Кога наместо уништените, односно оштетените се набавуваат нови гуми, акумулатори или церади, и тоа во процент во кој овие делови се амортизирани.
Доколку за поправка на возилото нема делови во Република Македонија, осигурувачот има обврска да ја надомести цената од ценовникот на производителот на возилото зголемена за соодветни давања (царина, данок и сл.). Не се надоместуваат поголеми трошоци за поправка што настанале поради тоа што при поправката се направени измени, подобрувања или усовршувања.
Осигурувачот нема обврска да ја надомести вредноста на целото возило или на склопот ако оштетениот или уништениот склоп, односно дел не може да се набави за време на извршувањето на поправката, а се работи за склоп, односно дел што каталошки е предвиден за замена.

(3) ако вредноста на возилото намалена за износот на амортизацијата и износот на вредноста на остатоците на денот на утврдување на висината на штетата е помала од трошоците за поправка, ќе се постапи како возилото да е уништено и штетата ќе се пресмета како тотална (став 1 точка 1 од овој член).

(4) спасените делови на уништеното, односно оштетеното возило (остатоците од возилото) остануваат на осигуреникот и нивната вредност се утврдува по пазарна вредност според состојбата во која се наоѓаат во моментот на утврдувањето на висината на штетата и таа вредност се одбива од висината на штетата, доколку странките меѓусебно поинаку не се договорат.

(5) ако во случај на остварување на ризиците од член 16 став 1 точка 12 од овие Услови возилото се пронајде пред истекувањето на рокот од 60 дена, сметајќи од денот на пријавувањето на исчезнување на возилото на надлежниот орган, осигуреникот е должен да го преземе возилото.

Ако возилото не се пронајде до истекувањето на рокот од претходната алинеја на овој став, осигуреникот има право да бара од осигурувачот штетата да му ја надомести како да се работи за потполно уништување на возилото без спасени делови.

Во случај на остварување на ризиците од член 16 став 1 точка 12 од овие Услови, ако возилото се пронајде по истекување на рокот од 60 дена од денот на пријавата за исчезнување кај надлежниот орган, осигуреникот има право да го преземе, односно задржи возилото, но под услов да го врати евентуално исплатениот надомест.

(6) кај осигурувањето на алат, дополнителна опрема, приклучни уреди, прибор и резервни делови што не се стандардно испорачани од производителот на возилото, како и аудио и видеоапарати и радиостаница, клима-уреди и плински уред за движење на возилото и рекламни натписи, штетата ќе се надомести во висина на настанатата штета, а најмногу до висина на сумата на осигурување.

**НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО НАСТАНАТ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**
**Член 26**

(1) Осигурувачот има обврска да ги надомести:
1) трошоците за влечење или превоз на оштетеното возило до најблиската сервисна работилница што може да изврши нужна или целосна поправка;
2) трошоците за влечење или превоз на остатоците од уништеното возило, ако тоа е направено по барање на осигурувачот;
3) трошоците за чистење на местото на незгодата или превезување на остатоците од возилото до најблиското дозволено место за депонирање. Не се покриени трошоците за превоз на товарот што возилото го превезувал.

(2) Осигурувачот нема оврска да ги надомести:
1) трошоците за отстранување на причината на штетата;
2) трошоците за вадење на возилото што се лизнало од патот, а на кое не е остварен осигурен случај (уништување или оштетување);
3) трошоците за интервенција на противпожарно друштво или други организации, чија должност е бесплатно да укажуваат помош кога ќе настапи осигурен случај.

(3) Ако е остварен осигурен случај, осигурувачот има обврска да надомести и:
1) штета поради уништување или оштетување на возилото, настаната при неговото спасување;
2) штета поради употребана облека, ќебиња и слично за гасење на пожар;
3) штета поради дожд и снег што настанала непосредно по оштетувањето на возилото и 4) штета поради исчезнување на предмети што се составен дел на возилото.

## III. ОСИГУРУВАЊЕ ОД РИЗИКОТ КРШЕЊЕ

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
Член 27

(1) Со осигурување од ризикот кршење може да бидат опфатени:
1) работен уред на товарни возила, автобуси, приколки, контејнери и работни возила и
2) влечни возила (трактори) и работни возила, во целина.

(2) Моторот е составен дел на работниот уред само ако исклучиво служи за движење на работниот уред, а не и за движење - влечење на возилото во насоки. Ако истиот мотор истовремено служи за движење на возилото и за движење на работниот уред на возилото, не се смета за составен дел на работниот уред на возилото.

(3) Шасијата, односно постаментот на кој се наоѓа работниот уред, како и возачката кабина, каросеријата, трансмисијата и другите делови на возилото што овозможуваат движење (влечење) на возилото во насока во секој случај не се сметаат за работен уред, односно за дел од работен уред.

(4) Со осигурување се опфатени и маслото и полнењето во уредите.

(5) Штетите на маслото и на полнењата се надоместуваат во процентуална вредност во зависност од векот на траење одреден со важечките прописи.

(6) Со потполно каско-осигурување се опфатени и штетите на електрични и дизел-електрични локомотиви што се причинети од непосредно дејство на електрична енергија.

**ПРЕДМЕТИ ШТО СЕ ИСКЛУЧЕНИ ОД ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 28**

Со осигурување не се опфатени, ниту тогаш кога нивната вредност е содржана во вредноста на осигуреното возило:
1) приклучни уреди на трактори и земјоделски машини;

2) работни елементи на земјоделски машини, како: ралници, дискови, клинови, дрљачи (брани), ножеви, коси и запци со сечива, прсти, мотики, ножеви со носачи и сл.;
3) делови на машини што се изложени на директно термичко влијание, како: облоги на садови и уреди за осигурување, решетки на лежиште, пламеници на согорувачи, електроотпорни грејачи и сл., освен мотори со внатрешно согорување;
4) делови на машини изложени на абење и замена, сита, релјефни и други заменливи облоги на валјаци, облоги на гребени, чешли, флексибилни цевки, ремени, четки и обрачи, оплати (од гума, текстил или синтетички материјали), влошки за филтер, филтер-платна, средства за термичка изолација и затворање, делови на спојки изложени на брзо трошење (гумени прстени, гумени вметоци, ламели и сл.), преносни кабли, со исклучок на оние што автоматски се намотуваат на калеми, клизни и движечки лежаи со внатрешен пречник до 100 мм;
5) материјал за експлоатација, како: гориво, мазиво, средства за разладување, хемикалии, средства за чистење и сл.;
6) транспортни ленти, синџири и јажиња;
7) пневматици (гуми) за возила;
8) гасеници на возила гасеничари, доколку поинаку не се договори;
9) алат што може да се менува како: сврдел, алат и делови на машини што непосредно служат за кршење и за ситнење, калапи, матрици, ножеви, примероци и облоги на валјаци, пили, сита, брусен камен, жигови (печати);
10) масло за подмачкување;
11) катализатори; и
12) средства за затнување и за изолација и средства за ладење во уредите за ладење.

**ВАЖНОСТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 29**

Предметите на осигурување од член 27 став 1 од овие Услови се осигурени само за време:
1) додека се монтирани и подготвени за работа;
2) кога се наоѓаат во работа;
3) кога се демонтираат и се монтираат поради преместување и ремонтирање; и
4) кога се превезуваат во внатрешен превоз поради чистење, поправка и преместување во кругот на микролокација на погон, а најмногу до 15 км надвор од кругот на микролокацијата.

**НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 30**

(1) Договор за осигурување од опасности предвидени со член 31 од овие Услови може да се склучи само ако е склучен договор за потполно каско-осигурување.
(2) Договорот за осигурување од став 1 од овој член се склучува со или без франшиза, во зависност од начинот на склучувањето на договорот за каско-осигурување.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)**
**Член 31**

(1) Осигурувачот има обврска да исплати надомест на штета причинета со уништување или оштетување на осигурениот предмет поради незгода во погон, под која се подразбира настан што настанал непредвидено и ненадејно во врска со употребата на осигурениот предмет, и тоа поради:
   1) грешки во конструкција, материјал и изработка;
   2) непосредно дејство на електрична енергија, краток спој, атмосферски и друг пренапон, електричен лак и слично;
   3) прскање или распаднување поради дејство на центрифугална сила;
   4) мраз, освен замрзнување на вода во склоповите на моторите, притисок на мраз или снег, или непосредно движење на мраз;
   5) натпритисок и потпритисок (имплозија);
   6) откажување (затајување) на уредите за заштита или регулација, како и елементи за автоматско управување со кои машината е опремена; и
   7) заглавување во време на дупчење во бушотини.
(2) Осигурувачот има обврска да исплати надомест од став 1 од овој член за полнење со масло на осигурената машина само кога штетата е последица на оштетување или уништување на машината од опасности опфатени со овие Услови.
(3) Кај електричните и дизел-електричните локомотиви со потполното каско-осигурување се опфатени и штетите од дејство на електрична енергија, а додека ризиците од став 1 од овој член не се вклучени во осигурување.

## УТВРДУВАЊЕ (ПРОЦЕНА) НА ВИСИНА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
### Член 32

(1) Висината на штетата се утврдува:
1) кај уништување и исчезнување на осигурениот предмет (тотална штета) според денарската сума на осигурување на која е осигурен предметот, намалена за износот на севкупната амортизација на предметот по сите основи и пазарната вредност на неговите остатоци.
Амортизацијата и пазарната вредност на остатоците на осигурениот предмет се утврдуваат според актите на осигурувачот.
Ако новонабавната вредност на осигурениот предмет со сите дополнителни давања (транспортни трошоци, царина, данок и слично) е помала од денарската сума на која е осигурен, висината на штетата се утврдува кога од новонабавната вредност ќе се одбијат износот на амортизацијата и износот на остатоците на осигурениот предмет.

(2) Кај оштетување на осигурениот предмет (делумна штета) според износот на трошоците за поправка, намалени за пазарна вредност на остатоците што се заменуваат. Во трошоци за поправка се сметаат и трошоци за демонтажа, монтажа и превоз.
Висината на штетата може спогодбено да се утврди со пресметка за трошоци на поправката.
Од износот на трошоците за набавка на нови делови заради замена на оштетените и износот на трошоците за лакирање не се одбива соодветен износ поради истрошеност (амортизација), освен во следниве случаи:
а) Не е осигурена амортизираната вредност (се одбива соодветен износ поради истрошеност на деловите) на клинести ремени, назабени ремени за погон на брегастото вратило, како и синџирчињата за погон на брегастототo вратило, како и на сите други ремени и синџирчиња што служат за одреден погон.
При процена на штета и пресметка на висина на име амортизација се одбива проценетиот износ на амортизација во зависност од:
- бројот на поминати километри и пропишаниот број на километри од производителот;
- ефективното време на работа;
- истрошеноста.

б) Кај деловите што имаат зголемено трошење за време на работа и мораат да се менуваат по одреден период, како на пример: клипови, алки, клипначи, коленесто вратило, брегасто вратило, кошулката на цилиндарот и вентилите кај сите мотори со внатрешно согорување и клипни компресори, како и сите видови лежишта кај осигурениот предмет не се исклучени од осигурување, но кај нив не е осигурена амортизираната-вредност, односно при ликвидација на штети се одбива соодветниот износ на име проценета истрошеност.
При процена на штета и пресметка на висина се одбива на име амортизација проценетиот износ на амортизација во зависност од:
- староста на возилото или бројот на поминати километри и пропишаниот број на километри од производителот;
- ефективното време на работа;
- истрошеноста.

в) Кога наместо уништените, односно оштетените се набавуваат нови гуми, акумулатори или церади, и тоа во процент во кој овие делови се амортизирани.
Доколку за поправка на осигурениот предмет нема делови во Република Македонија, осигурувачот има обврска да ја надомести цената од ценовникот на производителот на осигурениот предмет зголемена за соодветни давања (царина, данок и сл.). Не се надоместуваат поголеми трошоци за поправка што настанале поради тоа што при поправката се направени измени, подобрувања или усовршувања.
Осигурувачот нема обврска да ја надомести вредноста на целиот осигурен предмет или склопот ако оштетениот или уништен склоп, односно дел не може да се набави за време на извршувањето на поправката, а се работи за склоп, односно дел што каталошки е предвиден за замена.

(3) Ако вредноста на осигурениот предмет намалена за износот на амортизацијата и износот на вредноста на остатоците на денот на утврдување на висината на штетата е помала од трошоците за поправка, ќе се постапи како осигурениот предмет да е уништен и штетата ќе се пресмета како тотална (став 1 точка 1 од овој член).

(4) Спасените делови на уништениот, односно оштетениот осигурен предмет (остатоците од осигурениот предмет) остануваат на осигуреникот и нивната вредност се утврдува според пазарната вредност според состојбата во која се наоѓаат во моментот на утврдувањето на висината на штетата и таа вредност се одбива од висината на штетата, доколку странките меѓусебно поинаку не се договорат.

## НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО НАСТАНАТ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ
**Член 33**

(1) Осигурувачот има обврска да ги надомести:
   1) трошоците за влечење или превоз на осигурениот предмет до најблиската сервисна работилница што може да изврши нужна или целосна поправка;
   2) трошоците за влечење или превоз на остатоците од осигурениот предмет, ако тоа е направено по барање на осигурувачот.

(2) Осигурувачот нема оврска да ги надомести:
   1) трошоците за отстранување на причината на штетата;
   2) трошоците за вадење на осигурениот предмет што се лизнал од патот, а на кој не е остварен осигурен случај (уништување или оштетување).

(3) Ако е остварен осигурен случај, осигурувачот има обврска да надомести и:
   1) штета поради уништување или оштетување на осигурениот предмет, настаната при неговото спасување;
   2) штета поради дожд и снег што настанала непосредно по оштетувањето на осигурениот предмет; и
   3) штета поради исчезнување на предмети што се составен дел на осигурениот предмет.

## ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ) ШТО НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 34**

(1) Осигурувачот нема обврска да плати надомест за штети што се предизвикани од опасности (ризици) што не се наведени во член 31 од овие Услови, како на пример:
   1) недостатоци и грешки што постоеле во моментот на склучување на договорот за осигурување, а овие недостатоци или грешки биле или морале да му бидат познати на осигуреникот или на лицето одговорно за погонот;
   2) непосредни последици од трајни хемиски, термички, атмосферски, механички и други влијанија и услови на сместување и работа како: оксидирање, стареење, корозија, зрачење, прекумерно вибрирање и слично;
   3) последици од сите видови трошење, абење, абразија, ерозија, кавитација и друго;
   4) прекумерни наслаги на: 'рѓа, воден камен, талог, тиња и сл., дури и тогаш кога поради тоа настанало уништување или оштетување на осигурениот предмет;
   5) пренапнатост или преоптовареност на возилото преку границите на неговите проектни параметри;
   6) недоволно одржување;
   7) ставање во погон пред конечна поправка;
   8) при монтирање и пробно испитување на нови предмети; и
   9) повреда на законски и технички прописи и упатства за техничка експлоатација на осигурените возила, како и поради непреземање на заштитни мерки.

(2) Осигурувачот, исто така, нема обврска да надомести штети:
   1) посредни, во врска со настанатиот осигурен случај, како: изгубена заработувачка, денгуба, казна итн.;
   2) настанати на ремени, подвижни ленти, пневматици (гуми) на возила и сл.;
   3) настанати на гасеници на возила гасеничари, доколку поинаку не е договорено;
   4) за кои според законските прописи или по договор одговара производителот или испорачателот на предметот; Ако производителот или испорачателот ја оспорува одговорноста, а штетата е предизвикана со една од причините опфатени со член 31 од овие Услови, осигурувачот ќе го исплати надоместокот од осигурување и ќе стапи во правата на осигуреникот кон производителот и испорачателот; и
   5) настанати во врска со трошоците за поправка, ако штетата и поправката се утврдат при редовен периодичен преглед со цел за одржување.

# IV. ОСИГУРУВАЊЕ НА БАГАЖ, ПАТНИ КОЛЕКЦИИ НА ПРИМЕРОЦИ НА СТОКА И ДРУГИ ПРЕДМЕТИ ВО МОТОРНИ ВОЗИЛА

## ПРЕДМЕТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ И ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ
**Член 35**

(1) Предмет на осигурување, во смисла на овие Услови, во зависност од содржината на договорот за осигурување, може да бидат:
   1) багаж во автобус, патнички автомобили, камп-приколки, товарни и специјални возила;
   2) патни колекции на примероци на стока во патнички автомобили и комби-возила;
   3) алат и прибор што служат за вршење професионална дејност, а кои се превезуваат во патнички автомобили и комби-возила; и

4) подвижна техника што се наоѓа во патнички и комби-возила (инструменти, апарати, камери и слично).

(2) Предметите се осигурени кога се во возилото или прицврстени на него. Предметите од точка 1, 2 и 4 се осигурени и за време додека се сместени во хотел, гостилница, преноќиште или стан надвор од местото на живеење на сопственикот на предметите.

(3) Осигурувањето на багаж во автобуси, патнички автомобили, камп-приколки, товарни и специјални возила се однесува на предмети за лична употреба што осигуреникот, возачот или патниците ги носат со себе во возилото или на возилото, вклучително и облеката на нив, ако таа на овие лица им служи за време додека се на пат. За багаж, во смисла на претходната алинеја, покрај вообичаените предмети за лични потреби, во зависност од времето, целта и траењето на патувањето се сметаат уште и: опрема за викенд и за кампување, аудио и видеоапарати, двоглед и спортски реквизити. Не се смета за багаж:

1) материјал и предмети што служат за вршење на професионална дејност;
2) пари и документи од кој ило вид; и
3) накит и предмети од благородни метали.

(4) Кај осигурувањето на патни колекции на примероци на стока во полисата се наведува каква колекција се осигурува (колекција на сувенири, манифактурна колекција, електротехничка и друга стока, колекции на книги итн.).
Кај осигурување на алат и прибор што служат за извршување на професионална дејност во полисата се наведува каков алат и прибор се осигуруваат, од што се состојат и за која професионална дејност служат.
Кај осигурување на подвижна техника во полисата се назначува која подвижна техника се осигурува и од што се состои.

(5) Кај осигурувањето на предмети од став 1 точка 1 од овој член, не се осигурени предметите што се превезуваат без присуство на сопственикот, а кај осигурувањето од став 1, точка 3 и 4 од овој член не се осигурени предметите што се превезуваат без присуство на сопственикот или на лица што се во работен однос кај сопственикот на предметите.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
### Член 36

(1) Осигурувачот има обврска да исплати надомест на штета предизвикана со уништување, оштетување или исчезнување на предмети од член 33 став 1 од овие Услови, со остварување на опасности предвидени во член 16 од овие Услови.

(2) При настанувањето на ризикот кражба, осигурувачот е должен да ја надомести штетата доколку дошло до кражба на возило или предметите се украдени од заклучено возило, односно од возило што се наоѓало во заклучена гаража, или се украдени предмети што биле прицврстени на возило, или од заклучени простории во хотел, гостилница, преноќиште или стан надвор од местото на живеење на сопственикот на предметите. (3) Кај осигуреници што се занимаваат со превоз на патници со автобуси или патнички возила се опфатени и штетите што ќе настанат поради замена или исчезнување на багаж при издавање или примање на превоз.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 37

(1) Предметите од член 33 став 1 од овие Услови се осигурени од почетокот на тргнувањето на пат, па сѐ до враќање од пат.

(2) Осигурувањето е во важност за време додека возилото се наоѓа на пат на територијата на Република Македонија и другите европски земји, ако поинаку не се договори.

## СУМИ НА ОСИГУРУВАЊЕ И НАДОМЕСТ
### Член 38

(1) Сумата на осигурување се утврдува според вредноста на предметите што може да се најдат во возило.

(2) Кај тотална штета на осигуреникот му се надоместува вредност на осигурениот предмет, но најмногу до висина на сумата на осигурување.

(3) Кај делумна штета отштетата се исплатува во целост, но најмногу до висина на сумата на осигурување.

(4) Кај осигурувањето на багаж во автобуси пресметувањето на надоместокот ќе се изврши во сразмер помеѓу бројот на регистрираните места и бројот на патниците што биле во автобусот, доколку се утврди дека во автобусот се наоѓале поголем број патници отколку што изнесува бројот на регистрираните места за кои е платена премија.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ**

**Член 39**

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имот.

**ПРАВО НА ЖАЛБА**

**Член 40**

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

**НАДЛЕЖЕН СУД**

**Член 41**

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот суд Скопје 2, Скопје.

Број. 02-9173/4
11.12.2020

Претседател на Управен одбор
Бошко Андов

Овие Услови ги донесе Одборот на директори на Друштвото на 35-та седница одржана на 15.01.2010 година со одлука бр.0202-19/2, со примена од денот на донесувањето, дополнувањата на 51-та седница одржана на 9.11.2010 год. со одлука бр.0202-1624/2 со примена од денот на донесувањето и измените и дополнувањата донесени од Управниот одбор на 3-та редовна седница одржана на 5.12.2013 год. со одлука бр.0202-6554/9 со примена од 15.12.2013 год. на 23-та редовна седница одржана на 15.07.2014 год. со одлука бр.0203-4765/4 со примена со денот на донесувањето, измените и дополнувањата на 136-та редовна седница одржана на 29.11.2016 год. со одлука бр.02-10446/3 со примена од 5.12.2016 година и измените и дополнувањата на 209-та редовна седница одржана на 11.07.2018 год. со одлука бр.02-5534/7 со примена со денот на донесувањето, и измените и дополнувањата донесени на 330-тата редовна седница одржана на 11.12.2020 година со одлука бр.02-9173/4 со примена со денот на донесувањето.

Лектор Кристина Велевска